ЗАПИСНИК
ОД ДЕСЕТТИОТ СОСТАНОК НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
ОДРЖАН НА 13.07.2022
ВО КЛУБ НА ПРАТЕНИЦИ

Присутни
Александар Бајдевски (МИОА), Лаура Ајдини (МИОА), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Огнен Граорковски (КПВРСМ), Александар Алексовски (Агенција за администрација), Снежана Наџаковска (Секретаријат за законодавство), Калинка Габер (Генерален Секретаријат), Христина Конеска Бероска (СЕП), Сузана Најкова, Ели Чакар (Министерство за локална самоуправа), Маја Маљановска (Министерство за правда), Ељтон Зекири (Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците), Ивона Кусакатска (Министерство за труд и социјална политика), Ангела Саплиева (МИОА), Симона Манева (МИОА), Ирена Стамеска Ѓеровска (МИОА), Љупка Ивановски (МИОА), Ваљон Елези (МИОА), Орхан Шерифи (МИОА)

Десетиот состанок на Секретаријатот за РЈА започна со воведно обраќање на претседавачот Александар Бајдевски, заменик министер за информатичко општество и администрација, кој ги поздрави присутните членови и им се заблагодари на присуството и потоа го предложи дневниот ред на десеттиот состанок на Секретаријатот за РЈА.

## Дневен ред

1. Усвојување на Записникот од деветтата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 21.06.2021 година;
2. Разгледување на Четвртиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2021 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски план 2018 – 2022 година и дискусија;
3. Разгледување на Четвртиот годишен извештај за 2021 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски план 2018 – 2022 година и дискусија;

4. Презентација на наодите од евалуацијата на Стратегијата за РЈА (2018-2022) Клучни предизвици и препораки
5. Опис на процесот и динамиката на подготвување на Стратегијата за РЈА (2023-2030):
6. Разно (прашања/предлози)

Во однос на точка 1 „Усвојување на Записникот од деветтата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација" никој од присутните немаше забелешки, по што истиот беше усвоен.

Во однос на точка 2 и точка 3, а имајќи предвид дека наодите од четвртиот полугодишен извештај се интегрирани и во нацрт годишниот извештај за 2021 година, претседавачот Бајдевски предложи истите да бидат споени. Од страна на Есма Адиловиќ Фазлиќ беа презентирани двата извештаи за 2021 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски план 2018 – 2022 година. Наведено беше дека за временската рамка за 2021 година вкупниот степен на реализација изнесува 47,27 % , и тоа во првата приоритетна област 25% од активностите се реализирани, 25% доцнат, а 50% се во тек; во втората приоритетна област 11% од активностите се реализирани, 48% доцнат, а 41% се во тек; во третата приоритетна област 67 % од активностите се реализирани, а 33 % доцнат и во четвртата приоритетна област 80% од активностите доцнат, а 50% се во тек.

По презентациите, претседавачот отвори дискусија.

Калинка Габер (ГС) наведе дека во однос на известувањето, активностите кои доцнат треба да се поделат на активности кои реално доцнат и активности кои не се почнати, со што ќе се направи диференцијација. Со предвидување мерки за намалување на ризиците ќе се покаже дека се преземаат чекори за надминување на доцнење на активностите.

Околу Законот за плати наведе дека од информациите со кои располага се чини дека има два процеси, од кои едниот е координацијата во однос на мерките предвидени во стратегијата со МТСП и МФ, додека за вториот на Влада бил донесен заклучок каде покрај институционалната поставеност

треба да се формира работна група во која ќе учествува и Генералниот Секретаријат за да придонесе во процесот. Повика овие два процеси да се интегрираат и истакна дека кога ќе се разгледува текстот на законот потребно е да биде повикан и Генералниот секретаријат кој има и координативна улога.

Бајдевски истакна дека имало состанок во МФ на кој присуствувале МИОА, министерот за труд и социјална политика, заменик министерот за економски прашања и министерот за финансии и дека идејата е од 01.01.2023 да се почне со усогласување на платите. Истакна дека е потребно системско решавање на ова прашање, односно со носење на нов Закон за плати, а не со покачување на платите по области. Наведе дека проблем е што административните службеници кои работат во министерствата се најслабо платени, и поради тоа има одлив на кадар. Повика на вклученост на сите во процесот. Лаура Ајдини наведе дека МИОА ќе направи каталог на работни места.

Калинка Габер (ГС) истакна и дека во однос на реорганизацијата, интегралниот извештај во одредени сегменти не соодветствува со индивидуалните извештаи и потребно е процесот на дискусија околу наодите и препораките да биде одвоен.

Христина Конеска Бероска (СЕП) укажа на документот на ЕК наречен клучните административни структури (main administrative structures) согласно кој ЕК одредува за кои функции ние треба да имаме институционална поставеност. Притоа, во рамките на претпристапните преговори треба да се води сметка дека реорганизацијата ќе обезбеди институционална поставеност (дали ќе останат постојните функции или ќе има нови во иднина). Наведе дека кога се консултираат експертите, не значи автоматски дека Европската комисија е целосно на линија на нивните препораки и секој извештај има disclaimer дека ЕК не стои позади нивните препораки.

Бајдевски предложи полугодишниот и годишниот извештај да се стават на усвојување. Бидејќи никој од присутните немаше забелешки, Секретаријатот за РЈА ги усвои извештаите од точка 2 и точка 3.

Потоа, се премина на точка 4, односно презентација на наодите од евалуацијата на Стратегијата за РЈА (2018- 2022) клучни предизвици и препораки. Бајдевски наведе дека во изминатиот период беше извршена евалуација на стратегијата за РЈА (2018- 2022) со поддршка на експерт од РеСПА и и даде збор на Лаура Ајдини која ги презентираше наодите и препораките од извештајот за евалуација.

Ајдини, истакна дека препораките беа во насока да се примени нова методолошка рамка во развојот на новата Стратегија за РЈА и АП; да се подобри учеството на Советот за РЈА и Секретаријатот за РЈА во координацијата на другите секторски стратегии со РЈА; да се прецизира поединечна институционална одговорност за спроведување на АП - во сите мерки/активности; во новиот АП, мерките да се квалификуваат според нивниот тип; да се планираат мерки/активности кои се од голема важност – со доволно ресурси и со директно влијание врз граѓаните и економијата (јавниот сектор како давател на јавни услуги); да се утврдат активностите кои се клучни за спроведување на целата мерка; да се вклучат единиците на локалната самоуправа во РЈА; да се избегнат промени во нормативната рамка доколку резултатите од РЈА може да се постигнат без неа; да се обезбеди редовно одржување на седниците на Советот на РЈА двапати годишно и седници на Секретаријатот на РЈА квартално, четири пати годишно; да се разјаснат надлежностите на внатрешните единици во МИОА за процесот на РЈА; да се зајакнат капацитетите за човечки ресурси во рамките на МИОА за процесот; да се прецизираат овластувањата и одговорностите на координаторите на Работните групи и подгрупите; да се поддржат членовите на Работната група и „контакт точки“ во спроведувањето на активностите на АП и да се зајакнат нивните капацитети за процесот на РЈА; да се обезбеди непречено спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА, со зачувување на „институционалната меморија на РЈА“; да се обезбеди размена на информации и внатрешна комуникација при спроведување на Акциониот план за РЈА преку една ИКТ алатка (портал);

за да се подобри политиката за задржување на квалитетен кадар во администрацијата – да се анализираат причините за прекумерната флуктуација на човечките ресурси; да се подобри институционалната одговорност за следење и контрола на спроведувањето на Акциониот план за РЈА; плановите за управување со промени на РЈА и плановите за комуникација за РЈА се потребни како документи кои ја следат Стратегијата и Акциониот план за РЈА; да се дефинираат предуслови и институционална одговорност за случаите кога финансиските ресурси не се сигурни; да се применат новите Упатства за утврдување на стандардизирани расходи за владините стратегии; користење на програмата К-6 за буџетирање на РЈА и реално планирање на активностите за првата половина на 2023 година; да се подобри функцијата за квалитативно следење и евалуација на резултатите од Акцискиот план за РЈА; во планирањето и спроведувањето мерки/активности да се почне од „клучните вредности“ на РЈА; да се зајакне поддршката за РЈА - да се намали „реформскиот замор“; во фазата на планирање да се провери постоењето на политичка поддршка за поединечни мерки/активности.
По презентацијата Бајдевски повика на дискусија.

Снежана Најкова (МЛС) наведе дека во однос на вклучувањето на единиците на локална самоуправа во новата стратегија од голема помош ќе биде новата програма за одржлив локален развој и децентрализација која Владата минатата година ја усвоила на предлог на МЛС и наведе дека во оваа програма се дефинираат целите и приоритетите за развојот на локална самоуправа и дека е плански документ кој ги покрива сите значајни аспекти на процесот кои придонесуваат за усогласување на системот на локална самоуправа со нормативно административните политички критериуми и стандарди на ЕУ и придонесуваат кон остварување на целите за одржлив развој на Обединетите Нации. Во однос на реализација на овие цели и приоритети Владата усвоила тригодишен акциски план во кој конкретно се дефинирани мерки и активности, постоечки проблеми, индикатори на постоечка состојба и цели кои треба да се постигнат по спроведување на активностите. Истакна дека овие документи се подготвени по широк консултативен процес со институции од централна и од локална власт и со граѓанскиот сектор и постојат идентификувани предизвици и проблеми и

потребно е усогласување на овие документи со новата стратегија за да не дојде до преклопување на активностите.
Бајдевски истакна дека препораките ќе бидат земени предвид при изработката на новата стратегија и отвори дискусија.

Калинка Габер (ГС) истакна дека на ниеден од состаноците одржани во изминатиов период не бил присутен претставник од Министерството за финансии, а нивното присуство е неопходно. Наведе дека не може изговорот на Министерството за финансии да биде дека министерството нема мерки и поради тоа не учествуваат на состаноците, поради тоа што сите мерки од акцискиот план се поврзани со ресурси. Истакна дека единствената мерка на МФ во претходната стратегија е Упатство за стандардизација, кое не врши никаква улога без конкретен ценовник и потребна е мерка за изготвување на ценовник. Меѓу другото, истакна дека наодите на експертот се основа за насоки при подготвување на новата стратегија, но не се согласува во делот кога не се обезбедени финансиски ресурси во акциските планови и дека интенцијата е секторски работни групи да станат место за policy dialogue (на пример ние како држава би кажале дека имаме акциски план и имаме покриено еден дел од К6 програмата, еден дел од ИПА, а увидените гапови би биле покриени од донатори). Кога ќе има нацрт стратегија и нацрт акциски план, МИОА би свикала состанок на секторската работна група и би го презентирала пред донаторите. Околу делот на координација и известување истакна дека смета дека оваа стратегија треба да биде визионерска и наведе дека во ГС има модул за електронски систем за стратешко планирање кој сега се сведува само на годишните иницијативи и годишните планови на министерствата, но дека наместо гледање парцијално на работите, потребен е централизиран пристап и истата платформа може да се искористи и да се поврзе со платформата на СЕП, бидејќи оваа стратегија ќе влијае врз многу други и ако и е достапна само на МИОА како координатор, а не и на сите, ќе дојде до неусогласености на стратегиите.

Христина Конеска Бероска (СЕП) наведе дека во однос на буџетот, секторските работни групи се места каде што ќе треба да се водат дискусиите, односно планирањето и приоритизирањето на реформите кои што ќе имаат потреба од донаторска помош. СЕП има изработено упатство